**ДАТУМ НА ОБЈАВУВАЊЕ И СТАПУВАЊЕ НА СИЛА НА ПРАВИЛАТА** _10.7.2024 **година**

**ПРАВИЛА ЗА ПРОМОТИВНА ПРОДАЖБА**
Samsung Galaxy Watch Ultra
Samsung Galaxy Watch 7

1. **Организатор на промотивната продажба** (**промоција**)

Самсунг Електроникс Австрија ГМБХ, Пратерстрасе 31/14 Обергешос, Виена Австрија и матичен број FN 217924b (во понатамошниот текст: Samsung), организира промотивна продажба (во понатамошниот текст: Промоција) за купувачите на новите Samsung Galaxy Watch Ultra и Samsung Galaxy Watch7 (во понатамошниот текст: Уредите).

2. **Времетраење на промоцијата и учесници**

Времетраењето на промоцијата е од 10.07.2024 до 17.07.2024 година. Предметната промоција ќе заврши и пред истекот на наведениот рок доколку дојде до исцрпување на залихите на Уредите или на Подароците предвидени за оваа промоција. Предметната промоција е достапна за купувачите на Уредите на територијата на Република Северна Македонија во согласност со одредбите на овие Правила.

Предметната промотивна продажба (промоција) е достапна за сите приватни и деловни корисници, купувачи на Уредите кои Уредот го купуваат за сопствени потреби, а не заради понатамошна препродажба или дистрибуција и ги исполнуваат условите наведени во овие Правила.

3. **Бенефити на промоцијата**

Со овие Правила се уредуваат условите за учество во односната промоција. Предметната промоција им овозможува на учесниците на промоцијата во промотивниот период од 10.07.2024 до 17.07.2024 година, кај продажните партнери на Samsung наведени во точка 5 од овие Правила, во претпродажба да купат некој од новите Galaxy Watch Ultra или Samsung Galaxy Watch7 и, под услов да ги исполнат условите од овие Правила, да го искористат правото на соодветниот Подарок, во зависност од купениот Уред, како што е наведено во табелата подоле:

| Уреди кои се предмет на оваа промоција | Соодветни Подароци |
|---|---|
| Samsung Galaxy Watch Ultra | Samsung Trail ремче (ET-SVL70MBEGEU) |
| Samsung Galaxy Watch7 | Samsung Fabric ремче (ET-SVL31LNEGEU) |

**НАПОМЕНА**:

Продажните партнери на Samsung наведени во точка 5 од овие Правила независно ја одредуваат малопродажната цена на Уредите што се предмет на оваа промоција, затоа малопродажните цени на Уредите може да се разликуваат во зависност од продажниот партнер на Samsung каде што е купен Уредот.

Во случај да се потрошат залихите на гореспоменатите Уреди за Подарок, Samsung го задржува правото на купувачот да му достави еквивалентен производ на Samsung со иста намена како подарок.

4. **Останати услови за учество во промоцијата и остварување на правото на бенефитот од промоцијата**

За купувачот да го оствари правото на учество во предметната промоција и на бенефитот од предметната промоција, потребно е да бидат исполнети следниве услови:

- Корисникот да купи некој од Уредите - Galaxy Watch Ultra или Samsung Galaxy Watch7 во периодот за времетраење на предметната промоција исклучиво кај некој од продажните партнери на Samsung на територијата на Република Северна Македонија наведени во точка 5 од овие Правила;
- Уредите да ги купил крајниот корисник (крајни корисници се оние купувачи кои го купиле уредот за сопствени потреби, а не за потребите на понатамошна препродажба или дистрибуција);
- За купувачот на Уредот да го оствари правото на Подарок - Samsung Платнено ремче со механизам за запетлување (ET-SVL70MBEGEU) или Samsung Платнено ремче (ET-SVL31LNEGEU), во зависност од купениот Уред, согласно точка 3 на овие Правила, потребно е податоците за купувањето на некој од Уредите - Galaxy Watch Ultra или Samsung Galaxy Watch7 кои се предмет на оваа промоција да го пријави најдоцна до 13.08.2024 година преку регистрација на купувањето на samsung.com/mk. Постапката на пријавување/регистрација подразбира достава на податоци кои се неопходни за успешна пријава. Ненавремените пријави ќе се сметаат за автоматски одбиени. Во случај на успешна и исправна пријава, во согласност со овие Правила, Подарокот согласно точка 3 од овие Правила, ќе биде испратен на купувачот на адресата која ја внел купувачот при пријавувањето, најдоцна до 31.10.2024 година. Доставата на Подарокот ќе се изврши од страна и на трошок на Организаторот.
- Податоците кои се собираат за потребите на учеството во предметната промоцијаа и доставата на Подарокот - Samsung Trail ремче (ET-SVL70MBEGEU) или Samsung Fabric ремче (ET-SVL31LNEGEU) се следните:
    - Име и презиме на корисникот
    - ЕМБГ на корисникот (за исполнување на законска обврска за исплата на данок на личен доход-обврска на организаторот)
    - E-mail адреса на корисникот
    - Точна адреса на корисникот (заради достава на Пакетот Подароци)
    - Број на телефон на корисникот (заради достава на Пакетот Подароци)
    - Модел и сериски број на купениот Уред
    - Копија/скен на фискалната сметка и испратница за купениот Уред
    - Овластување од Друштвото/Правното лице за учество во акцијата доколку учесник е правно лице како краен корисник

  По приемот на пријавата/регистрацијата од корисникот Samsung ќе провери дали доставените податоци одговараат/соодвестуваат на овие Правила.
- Со достава на податоците, односно со пријавувањето/регистрацијата за учество во предметната промоција, корисникот потврдува дека е запознаен со овие Правила.
- Доколку информациите внесени за време на регистрацијата се во согласност со овие Правила, корисникот ќе добие Подарок - Samsung Trail ремче (ET-SVL70MBEGEU) или Samsung Fabric ремче (ET-SVL31LNEGEU) во зависност од купениот Уред, како што е утврдено во точка 3 од овие Правила, на начин и во рокот утврден со овие Правила;

**НАПОМЕНА**:
Правото на Подарок одредено со овие Правила ќе оствари лицето кое прво ќе изврши успешна и целосна пријава со серискиот број на купениот Уред, во согласност со овие Правила. Подоцнежните пријави нема да бидат земени во предвид за остварување на правото на Подарок.

5. **Список на овластени продажни партнери на** Samsung

- Македонски Телеком АД Скопје,
- А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
- Нептун Македонија д.о.о. Скопје,
- Сетек сè од техника д.о.о.е.л. ,
- Техномаркет Македонија ДООЕЛ – Скопје,
- ПТД Анхоч ДООЕЛ
- Паком Компани д.о.о.е.л

6. **Испорака на купени Уреди**
Роковите и условите за испорака на Уредите кои се предмет на оваа промоција, а кои се купени во периодот на оваа промоција, се независно определени од поединечните продажни партнери на Samsung од точка 5 од овие Правила од кои се купени Уредите.

7. **Обврска за враќање на подарокот во случај на користење на правото за враќање на стоката при купување на далечина**

Во случај купувачот – учесник во односната промоција, кој го купил Уредот што е предмет на промоцијата од далечина преку онлајн продавницата на еден од продажните партнери вклучени во предметната промоција, го остварува своето законско право да го врати така купениот Уред, при што купувачот-учесник во односната промоција е должен да го врати и подарокот/ците добиени како дел од предметната промоција.

За да го врати подарокот споменат погоре, купувачот-учесник во предметната промоција треба да контактира со Samsung преку адресата на е-пошта samsung@mpg.mk . Откако ќе добие e-mail порака од купувачот-учесник во промоцијата, Samsung ќе го информира купувачот-учесник во промоцијата за адресата на која купувачот-учесник во промоцијата треба да го врати подарокот.

8. **Право на измена на Правилата за промоција**

Samsung го задржува правото во било кое време, од оправдани причини, да ги менува овие Правила, со должност истите, без одлагања, јавно да ги објави.

9. **Контакт**

E-mail адреса за контакт во однос на предметната промоција: samsung@mpg.mk

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Постапката за пријава за остварување на правата на подарок во рамки на предметната промоција вклучуваат достава на лични податоци на корисникот нужни за успешна пријава.

Податоци кои ќе се собираат за горенаведената потреба се следните:

- име и презиме на корисникот,
- e-mail адресата на корисникот,
- ЕМБГ на корисникот (за исполнување на законска обврска за исплата на данок на личен доход-обврска на организаторот)
- телефонскиот број за контакт на корисникот, (заради достава на подарокот)
- точната адреса на корисникот (заради достава на подарокот),
- модел и серискиот број на купениот Уред,
- приложување (скен) на фискалната сметка и испратницата за купениот Уред.
- Овластување од Друштвото за учество во акцијата доколку учесник е правно лице како краен корисник

Личните податоци на корисникот ќе бидат собиран и обработени согласни Правилата на приватност и заштита на личните податоци на Самсунг кои се наведени во продолжение на ова Известување и во согласност со овие Правила, како и во согласност со релевантните прописи на Република Северна Македонија за заштита на личните податоци.

Целта на собирањето на личните податоци на корисникот е проверка на исполнетоста на условите за остварување на правото на подарок и утврдување на адресата на корисникот за доставата на подарокот.

Со внесувањето на своите лични податоци на начин и во согласност со Правилата на предметната промоција корисникот (учесникот во предметната промоција) потврдува дека е запознаен со фактот дека трговското друштво Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ, неговата подружница во Република Хрватска и нивните подизведувачи личните податоци ќе ги соберат и обработат со цел пријава за остварување на правото на подарок во рамки на предметната промоција.

Корисникот (учесникот во предметната промоција) воедно потврдува дека е запознаен со Правилата за приватност на Самсунг кои се приложени во продолжение на овој текст, како и дека е запознаен со

фактот дека Самсунг ќе постапува со собраните лични податоци на корисникот (учесникот во предметната промоција) во согласност со одредбите наведени во Правилата за приватност.

Со пријавата за учество во оваа промоција, односно со внесување на своите лични податоци на начин и во согласност со Правилата на предметната промоција корисникот (учесникот во предметната промоција) исто така потврдува дека е запознаен со следното:

– дека раководителот на обработка на личните податоци е Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ, Подружница Загреб, Радничка Цеста 37, Загреб, Хрватска,

– дека во случај купувачот да не ги сподели своите лични податоци со Самсунг, нема да оствари право на подарок во рамки на оваа промоција,

– дека горенаведениот раководител на обработка на личните податоци на барање на корисникот ќе ги дополни, измени или избрише неговите лични податоци доколку истите се непотполни, неточни или неажурни и ако обработката на истите не е во согласност со законот,

– дека правната основа на собирањето и обработката на личните податоци на корисникот е остварување право на подарок во рамки на предметната промоција,

– дека личните податоци на купувачот ќе бидат складирани исклучиво до истекот на рокот за поднесување приговор на купувачот,

– дека пристап до личните податоци на купувачот за целите на достава на подарокот во рамки на предметната промоција, освен Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ, Подружница Загреб, ќе има и подизведувачот на Самсунг,

– дека, доколку смета дека со неговите лични податоци се постапува на противзаконски начин, купувачот има право во секој момент да поднесе приговор до Агенцијата за заштита на лични податоци.

**Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ**

**САМСУНГ ЕЛЕКТРОНИКС АВСТРИЈА ГМБХ, ПОДРУЖНИЦА ЗАГРЕБ**

**ПРАВИЛА ЗА ПРИВАТНОСТА**

Стапува на сила: мај 2018.

Во друштвото Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ, нашата подружница во Загреб и нашите поврзани друштва („Самсунг", „ние", „нас", „наш") знаеме колку е важна приватноста на нашите вработени, добавувачи, клиенти и на сите останати со кои соработуваме, затоа се трудиме да бидеме јасни во однос на тоа како ги собираме, користиме, откриваме, пренесуваме и ги складираме личните податоци.

Во продолжение следат главните прашања кои се опфатени со нашите Правила за приватноста.

1. Подрачје на примена и цел
2. Одговорност за усогласеност
3. Нашата одговорност
4. Дефиниции
5. Начела на Општата Регулатива за заштита на податоците
6. Посебни категории на лични податоци
7. Споделување на личните податоци (вклучително и пренос на податоци надвор од ЕЕО)
8. Изработка на профил и автоматизирано носење на одлуки
9. Директен маркетинг
10. Водење на евиденција
11. Права на испитаниците
12. Повреда на личните податоци
13. Ажурирање на Правилата
14. Корисни податоци за контакт

## 1. Подрачје на примена и цел

Со овој документ се утврдуваат правилата за заштита на податоците и законските услови кои треба да бидат исполнети, а кои се однесуваат на собирање, постапување, обработка, складирање, пренос и уништивање на личните податоци.

Видовите податоци кои можеби ќе бидат обработени вклучуваат детали за сегашните, минати и потенцијалните идни членови на персоналот, добавувачи, клиени и сите други лица со кои комуницираме. Податоците кои се чуваат на хартија, компјутер или на некој друг медиум подлежат на правно заштитените мерки утврдени со Општата Регулатива за заштита на податоците („GDPR") и меродавното право за заштита на податоците со кои се наметнуваат ограничувања на начинот на кој смееме да ги користиме наведените податоци.

Одржување на највисоките стандарди во нашето постапување со личните податоци е колективна и индивидуална одговорност, па затоа овие Правила се применуваат на начинот на собирање, користење, складирање, бришење и други форми на обработка на личните податоци со кои се среќаваме во нашето работење. Тие вклучуваат опширно резиме на главните обврски на заштита на податоците кои се применуваат на нас како организација.

Овие Правила за приватноста се применуваат на сите вработени на Самсунг и другите пружатели на услуги на Самсунг (вклучително, но не исклуважќи ги изведувачите и вработените преку агенција) (заедно како: „членови на персоналот"). Сите членови на персоналот се должни да се погрижат да ги разберат и да се придружуваат до овие Правила во однос на било какви лични податоци до кои имаат пристап при извршувањето на својата работа.

Членовите на персоналот се исто така должни да посетуваат обука во врска со овие или сродните правила на барање на Самсунг.

2. Одговорност за усогласеност

Одговорен за надзор над спроведувањето на заштитата на податоците и почитување на овие Правила е Службеник за заштита на податоците, чии податоци за контакт се наоѓаат на крајот на овие Правила. Лицата на раководните позиции се одговорни за тоа членовите на нивните тимови да ја почитуваат заштитата на податоци.

3. Нашата одговорност

Со Општата Регулатива за заштита на податоци се предвидени високи парични казни за организациите кои ги кршат нејзините одредби.

4. Дефиниции

Податоци од казнените евиденции се однесуваат на кривичните дела кои ги извршила личноста и изречените пресуди.

Раководители за обработка се лица или организации кои ја одредуваат целта и начинот на обработка на личните податоци. Нивната должност е да се утврдат практиките и правилата кои ќе бидат усогласени со Општата Регулатива за заштита на податоците. Нашите добавувачи, консултанти и изведувачи исто така можат да бидат раководители за обработка.

Испитаници во смисла на овие Правила се сметаат поединци со чии лични податоци располагаме, вклучително и сегашни, минати и потенцијални клиенти, добавувачи, застапници, инвеститори и членови на нашиот персонал. Сите испитаници имаат законски права во однос на своите лични податоци.

Лични податоци се податоци кои се однесуваат на физичко лици чиј идентитет може да се утврди врз основа на тие податоци (или врз основа на тие и други податоци со кои располагаме). Личните податоци може да бидат факти (на пример: име, адреса или датум на раѓање) или мислења (на пример: оценка на работениот успех).

Обработка е било која постапка која вклучува употреба на личните податоци. Вклучува собирање, користење, преглед, пристап, обележување или располагање со податоци или извршување на едно дејство или збир на дејствија во врска со податоците, вклучувајќи и нивна организација, исправка, пронаоѓање, употреба, откривање, бришење или уништување. Под Обработка исто така се подразбира пренос на личните податоци на трети лица.

Податоци од посебни категории (претходно познати како чувствителни лични податоци) вклучуваат податоци за расното или етничкото потекло на лицето, неговото или нејзиното политичко мислење, верско или слично верување, членство во синдикат, физичко или психичко здравје или состојба и сексуалниот живот и генетски и биометриски податоци со цел идентификација на поединецот.

## 5. Начела на Општата Регулатива за заштита на податоците

Секој кој врши обработка на податоци мора да ги почитува важечките принципи на добра практика утврдени во Општата Регулатива за заштита на податоци, до кои Самсунг ќе се придржува на следниве начини:

- Личните податоци ќе ги обработуваме на законски начин, чесно и транспарентно (погледнете под „Законитост, чесност и транспарентност").
- Личните податоци ќе ги собираме за посебни, изречни законски цели и истите нема да ги обработуваме на начин кој не е во согласност со тие цели (погледнете под „ограничување на целта и намалување на обемот на податоци").

- Ќе обработуваме лични податоци кои се соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целта за која се обработуваат (погледнете под „ограничување на целта и намалување на обемот на податоци").
- Ќе се погрижиме личните податоци да бидат точни и ажурни според потребата; доколку податоците се неточни, ќе ја преземеме секоја разумна мерка за да бидат без одлагања избришани или исправени, земајќи ги во предвид целите за кои се обработуваат податоците (погледнете под „точност").
- Личните податоци ќе ги чуваме во оној облик кој овозможува идентификација на поединецот на кого се однесуваат само колку што е потребно за целите за кои се обработуваат (погледнете под „ограничување на складирањето").
- Ќе применуваме соодветни технички или организациони мерки со кои се обезбедува сигурност на личните податоци, вклучително и заштита од неовластена или незаконска обработка и од случајното губење, уништување или оштетување (погледнете под „Целисходност и доверливост").

Во понатамошниот текст следат дополнителни информации за секое од овие начела.

### 5.1. Законитост, чесност и транспарентност

Цел на меродавното право за заштита на личните податоци не е да се спречи обработка на личните податои, туку да се обезбеди тоа да се прави чесно и без негативно влијание врз правата на испитаникот.

Обработката на личните податоци е законита доколку е исполнет еден од законските услови за обработка.

### 5.2. Ограничување на целта и намалување на обемот на податоци

Личните податоци може да се обработуваат само за одредени цели за кои испитаникот бил известен при првото собирање на податоци или за други цели кои се изречно доволени согласно меродавното право за заштита на податоците. Тоа значи дека личните податоци не смеат да се собираат за една цел, а да се користат за друга цел. Ако е потребно да се промени целта поради која се обработуваат личните податоци, испитаникот мора да биде известен за новата цел пред почетокот на каква било обработка.

### 5.3. Точност

Личните податоци мора да бидат точни и ажурни. Грешните податоци или податоци кои водат до заблуда не се точни, и затоа е потребно да се преземат чекори со цел проверка на точноста на сите лични податоци во моментот на нивното собирање и по тоа во редовни временски интервали. Неточните или неажурните податоци треба да се уништат.

5.4. Ограничување на складирањето

Личните податоци треба да се чуваат во облик кој оневозможува идентификација на поединецот на кого се однесуваат само толку долго колку што е потребно за целите за кои се собираат тие податоци. Тоа значи дека податоците треба да се уништат или избришат од нашиот систем кога повеќе не се потребни.

По истекот на временскиот период за чување, евиденцијата која содржи лични податоци ќе биде отстранета на безбеден начин и уништена, освен во случајот кога постои оправдана деловна причина за нејзино задржување и по истекот на овој период (на пример: испитаникот покренал спор против нас и задржаните лични податоци се релевантни за тој спор).

5.5. Целисходност и доверливост

Ние сме должни да ги преземеме соодветните мерки на заштита против незаконската или неовластената обработка на личните податоци и од случајното губење или оштетување на податоците.

Зачувување на сигурноста на податоците подразбира обезбедување на доверливоста, целисходноста и достапноста на личните податоци кои се дефинират како што следи:

a) Доверливост значи дека пристап до личните податоци имаат само оние лица кои се овластени за нивното користење.

b) Целисходност значи дека личните податоци мораат да бидат точни и соодветни за целта за која се обработуваат и доверливи во текот на нивниот животен век (односно, неовластените лица не смеат да ги изменуваат тие податоци).

c) Достапност значи дека овластените корисници имаат можност да пристапат до податоци ако им се неоходни за одобрени цели. Затоа, наместо на поединечни персонални компјутери, личните податоци треба да бидат складирани на нашиот централен систем.

Безбедносните постапки вклучуваат:

a) Контрола при влез. Пријавување на непознати лица во простории со контролиран влез.

b) Безбедни бироа и плакари што се заклучуваат. Заклучување на бироата и плакари доколку во нив се чуваат доверливи информации од било кој вид. (Личните податоци секогаш се сметаат за доверливи).

c) Начин на уништување. Хартиените документи треба да бидат исечени. Дискети и компактни дискови само за читање (CD-ROM) треба да бидат физички уништени кога повеќе не се потребни.

d) Опрема. Членовите на персонал на Самсунг се должни да обезбедат дека доверливите информации не се видливи на минувачите на екраните и да се одјават од персоналниот компјутер кога го оставаат без надзор.

Самсунг се придржува до своите постапки и ги користи сите расположиви технологии за да се зачува сигурноста на сите лични податоци од моментот ан нивното собирање па се до нивното уништивање. Во пракса тоа значи следново:

a) Може да се пристапи само до оние лични податоци за кои постои одобрение и само за одобрени цели.

b) На ниту едно друго лице (вклучително и други членови на персоналот на Самсунг) не смее да му се овозможи пристап до личните податоци, освен доколку имаат соодветна дозвола за тоа.

c) личните податоци се штитат најпрво со почитување на правилата за пристап до просториите, пристап до компјутерот, заштита по пат на лозинка и енкрипција, овозможување на безбедно складирање на податоците и нивно уништување, и со други мерки на безбедност утврдени во Правилата за безбедност на податоци на Самсунг.

d) Личните податоци (вклучително и податоците во списите) или уредите кои содржат лични податоци (или уреди кои можат да се употребат за да се притапи до личните податоци) не смеат да се изнесуваат од просториите на Самсунг, освен ако се преземени соодветни мерки за безбедност (на пример: псевдонимизација, енкрипција или заштита со лозинка) заради заштита на податоците и уредите.

e) Личните податоци не се складираат на локален диск или на личен уред кои се употребуваат за работни цели.

6. Посебни категории на лични податоци

Од време на време можеби ќе треба да обработуваме посебни категории на лични податоци.

Ќе обработуваме посебни категории на лични податоци само кога имаме правна основа за тоа (види Дел 5 од овие Правила) и кога се применува еден од посебните услови за обработка на податоци од посебни категории. Посебните услови вклучуваат, но не се ограничени на следново:

а) Испитаникот дал изречна согласност за обработка.

б) Обработката е неопходна за целите на остварување на правата и исполнување на обврските на Самсунг или на тужениот во областа на трудовото право.

в) Обработката е неопходна за да се заштитат виталните интереси на субјектот, а субјектот физички не може да даде согласност.

г) Обработката се однесува на податоци кои се јасно објавени од страна на испитаникот.

д) Обработката е неопходна за основање, остварување или одбрана на правни побарувања.

ѓ) Обработката е неопходна за цели од значаен јавен интерес.

Посебните категории на лични податоци нема да се обработуваат:

а) додека не се изврши евалуација на влијанието на собирањето и

б) додека лицето на кое се однесуваат личните податоци не биде известено на соодветен начин (со изјава за приватност или на друг начин) за природата на обработката, целите за кои и правната основа врз која се врши.

7. Споделување на личните податоци (вклучително и пренос на податоци надвор од ЕЕО)

Личните податоци може да се пренесат само на трета страна како пружател на услуга која се согласува да се придржува до потребните правила и постапки и да ги исполнува сите релевантни договорни одредби кои се бараат од неа и која на барање се согласува на извршување на соодветните мерки.

Личните податоци може да бидат споделени со други членови на персонал на нашата групација (која вклучува нашите ќерки-друштва и нашето надредено Друштво заедно со неговите ќерки-друштва) само доколку на примателот таквите податоци му се неопходни за потребите на работата, а преносот е во согласност со применливото ограничување на прекуграничниот пренос (погледнете во продолжение).

Личните податоци кои потекнуваат од една земја се пренесуваат преки границата доколку ги доставува, испраќа, се врши увид во нив или им се пристапува во некоја друга земја. Пред прекуграничниот пренос на личните податоци, ќе се провери дали се задоволени потребните услови за тоа.

8. Изработка на профил и автоматизирано носење на одлуки

Постојат значајни ограничувања во поглед на околностите во кои е дозволено донесување на автоматизирана одлука за поединци (се работи за одлука која се донесува исклучиво автоматизирано, без никакво вмешување на човек). Ова важи и за изработка на профил (се работи за автоматизирана обработка на лични податоци за оцена на одредени аспекти во врска со поединецот, на пример да ли би му биле интересни одредени производи на поединецот).

Овој вид на одлучување е можно само за извршување на договорот, кога е дозволено со законот или ако за тоа поединецот дал изречна изјава. Поединците имаат право на информации за донесување на одлуките и имаат одредени права за кои мораат да бидат известени, вклучувајќи го и правото на барање на човечка интервенција или право на оспорување на одлуката, а за овој вид на одлучување исто така постојат строги ограничувања во врска со користењето напосебните категории на лични податоци.

Секоја активност за изработка на профил ќе биде изведена целосно во согласност со меродавното законодавство.

9. Директен маркетинг

Постојат строги барања на заштита на податоците во врска со директниот маркетинг наменет за нашите клиенти и притоа ги следиме сите упатства кои се однесуваат на нас.

10. Водење на евиденција

Важно е да можеме да докажеме дека се придржуваме до начелата за обработка на податоци. Онаму каде што е потребно, водиме соодветна евиденција за нашето постапување со личните податоци. Тоа може да вклучува евиденција за правните основи врз кои ги обработуваме личните податоци, евиденција за податоците кои се испратени до испитаниците и евиденција за нашата обработка на личните податоци.

11. Права на испитаниците

Личните податоци се обработуваат во согласност со правата на испитаниците. Испитаниците ги имаат следниве права:

a) Доколку дале согласност за обработка, можат во било кој момент да ја повлечат таа согласност (ова мора да биде еднакво едноставно како и нејзиното давање).

b) Имаат право на јасни, транспарентни и лесно разбирливи информации за начинот на употреба на нивните лични податоци (всушност заради тоа и ја даваме изјавата за приватноста на податоците).

c) имаат право да побараат пристап до сите податоци во владение на раководителот на обработката кои се однесуваат на нив.

d) Имаат право да побараат измена и поправка на неточни податоци.

e) Имаат право да побараат бришење на податоците кои се однесуваат на нив а кои се наоѓаат во владение на раководителот на обработката ако се за тоа исполнети одредени услови утврдени со меродавното право.

f) Имаат право да побараат ограничување на обработката во случаите кога се за тоа исполнети одредени услови утврдени со меродавното право.

g) Имаат право да побараат пренос на податоците на друг раководител на обработка ако за тоа се исполнети одредени услови утврдени со меродавното право.

h) Имаат право да поднесат приговор на обработката на личните податоци ако се за тоа исполнети одредени услови утврдени со меродавното право за заштита на податоците.

i) Имаат право да не се донесе одлука за нив исклучиво врз основа на автоматизирана обработка, вклучувајќи за изработка на профил, која произведува правни последици кои се однесуваат на нив или на сличен начин значајно им влијае, освен доколку дале изречна согласност за тоа или ако тоа е неопходно за склучување или извршување на договор со нив.

j) Имаат право на жалба до Агенцијата за заштита на лични податоци во врска со нашата обработка на податоците (податоците за контакт се наоѓаат во продолжение), иако би сакале да ги

охрабриме испитаниците прво да не контактираат во случај на какви било сомнежи за да можеме да се обидеме да го решиме проблемот.

Доколку испитаникот сака да оствари некое од своите права, треба да се обрати на Службеникот за заштита на податоци. Можно е да биде потребно преземање на соодветни чекори за утврдување на идентитетот на личноста која го поднесува барањето.
Службеното барање на испитаникот (подносителот на барањето) за пристап до личните податоци кои се однесуваат на него и кои се наоѓаат во владение на подружницата во Загреб на друштвото Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ може да се поднесе во писмена форма. Меѓутоа, барањето на испитаникот за пристап до лични податоци не мора нужно да биде службено ниту треба да биде поднесено во писмена форма (пристап до личните податоци може да се побара на социјалните мрежи или телефонски). Секој член на персоналот кој ќе прими барање за пристап до личните информации без одлагање ќе го проследи барањето до Службеникот за заштита на податоците и/или правната служба и службата надлежна за следење на усогласеноста.

Службеникот на податоците, освен во исклучителни случаеви, ќе одговори на барањето во рок од 30 дена од неговиот прием. Доколку Самсунг не може да ги обезбеди бараните лични податоци, причините за тоа ќе бидат целосно документирани и испитаникот ќе биде известен за нив во писмена форма. Исто така, на испитаникот ќе му бидат доставени податоци за надлежното надзорно тело до кое може да поднесе жалба, согласно барањата на меродавното право за заштита на податоците.

## 12. Повреда на личните податоци

Повреда на личните податоци е кршење на безбедноста која доведува до случајно или противзакокнско унишување, губење, измена, неовластено откривање или пристап до личните податоци кои се пренесени, складирани или на друг начин обработувани. Повреда не мора нужно да значи откривање на личните податоци на надворешен извор без потребната дозвола, но може да значи и дека некој одвнатре пристапил до тие податоци без потребната дозвола.

Некои форми на повреда сме должни да ги пријавиме на надлежното регулаторно тело, а во ограничен број на случаи и до самите испитаници.

За повредата на личните податоци или сомнеж на повреда без одлагање ќе ја известиме Службата за безбедност на европското седиште на Самсунг, Службеникот за заштита на податоците на Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ – Подружница Загреб и/или правната служба и службата надлежна за

следење на усогласеноста со цел тие да можат да ги преземат неопходните мерки или по потреба да го проследат случајот понатаму.

13. Ажурирање на Правилата

За ажурирањето или измената а овие Правила ќе бидете известени по пат на електронска пошта или со објава на веб страницата.

14. Корисни податоци за контакт

Во врска со заштита на податоци можете да се обратите на следната адреса:

Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ, Подружница Загреб (Samsung Electronics Austria GmbH, Podružnica Zagreb)

Радничка цеста 37б, Загреб, Република Хрватска (Radnička cesta 37b, Zagreb, Republika Hrvatska)

Е-пошта: dataprotection.sead@samsung.com